Друштво за производство,трговија и услуги
НЕТИНГ ДООЕЛ увоз-извоз
Бр. 21-006
05.05 2021 год.
Тетово

АГЕНЦИЈА ЗА ВРАБОТУВАЊЕ НА
РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
AGJENCIA E PUNËSIMIT E
REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT
Бр.-Nr. 05-909/8
05-05-2021 20 год. viti
Скопје-Shkup

Врз основа на член 112 став 4 од Законот за јавните набавки (Службен весник на РМ бр.24/19) и Одлуката за избор на најповолна понуда од 21.04.2021 година, на ден_____________.2021 година се склучува

**Д О Г О В О Р**

**набавка на посебни услуги услуги за обука за напредни вештини од областа на информатичките технологии (со кофинансирање) за нелиценцирани спроведувачи на обуки**

## I. ДОГОВОРНИ СТРАНИ

1. **АГЕНЦИЈА ЗА ВРАБОТУВАЊЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**, со седиште на ул.Васил Ѓоргов бр.43 - Скопје, застапувана од Директорот Абдуш Демири (во понатамошниот текст: Договорен орган) од една страна,

   и
2. **Друштво за производство,трговија и услуги НЕТИНГ ДООЕЛ увоз-извоз Тетово,** со седиште на ул.Илинденска 18/а Тетово, застапувано од Управителот Таџедин Селими во натамошниот текст: Носител на набавката) од друга страна

## II. ПРЕДМЕТ НА ДОГОВОРОТ

Член 1

Предмет на овој Договор е набавка на посебни услуги услуги за обука за напредни вештини од областа на информатичките технологии (со кофинансирање) за нелиценцирани спроведувачи на обуки согласно техничките спецификации содржани во тендерската документација по Оглас бр.03/2021, за следниве модуларни програмски пакети, односно делови на набавка:

ДЕЛ 1

| Модуларен програмски пакет **Дигитален маркетинг** | | | |
|---|---|---|---|
| Ред. Бр. | Модул за обука | Број на часови по модул | Број на слушатели |
| 1 | Introduction to Digital Marketing | 150 | 40 |
| 2 | Integrated Marketing Communications | | |
| 3 | Digital Marketing Strategy | | |
| 4 | Social Media Management (Facebook, Instagram, Twitter) | | |
| 5 | Social Media Advertising (Facebook & Instagram Ads) | | |
| 6 | Google Ad | | |
| 7 | Marketing Analytics (Google Analytics) | | |
| 8 | Search Engine Optimization | | |
| 9 | Lead Generation | | |
| 10 | E-mail marketing | | |
| 11 | Content marketing | | |
| 12 | Креирање завршен проект - комплетна маркетинг стратегија | | |

ДЕЛ 2

| Модуларен програмски пакет **Графички дизајн** | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Ред. Бр. | Модул за обука | Број на часови по модул | Број на слушатели |
| 1 | Вовед во графички дизајн | 190 | 30 |
| 2 | Adobe Illustrator | | |
| 3 | Adobe Photoshop | | |
| 4 | Adobe InDesign | | |
| 5 | Типографија | | |
| 6 | Лого дизајн | | |
| 7 | Layout Design (дизајн на книга, публикација, списание, корица, флаер / брошура) | | |
| 8 | Постер дизајн | | |
| 9 | Дизајн на пакување (штанца, офсет, клише, ресурси) | | |
| 10 | Creative Thinking | | |
| 11 | UX/UI Design | | |
| 12 | Креирање завршен проект - комплетно креирање на брендинг | | |

ДЕЛ 3

| Модуларен програмски пакет **Wordpress development** | | | |
|---|---|---|---|
| Ред. Бр. | Модул за обука | Број на часови по модул | Број на слушатели |
| 1 | WordPress Admin | 226 | 30 |
| 2 | HTML/CSS | | |
| 3 | JavaScript/jQuery/AJAX | | |
| 4 | PHP | | |
| 5 | Датабази (MySQL) | | |
| 6 | GIT | | |
| 7 | Custom WordPress Themes | | |
| 8 | Custom WordPress Plugin | | |
| 9 | Advanced WordPress Admin | | |

## III. ЈАЗИК НА ДОГОВОРОТ

Член 2

Јазик на Договорот и на целата комуникација во писмена форма помеѓу договорните страни е Македонскиот јазик.

## IV. ВРЕДНОСТ НА ДОГОВОРОТ

Член 3

Листите на цени за секој дел на набавката посебно (дел 1, 2, 3,), се дадени во Понудата на носителот на набавката 15.03.2021 година, составен дел на овој Договор.

**ДЕЛ 1**

| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
|---|---|---|---|---|
| Опис | Единица мерка | Количина | Единечна цена без ДДВ | Вкупна цена без ДДВ (3*4) |
| Модуларен програмски пакет **Дигитален маркетинг** | лице | 40 | 95.000,00 | 3.800.000,00 |
| Вкупна цена без ДДВ: 3.800.000,00<br>Со зборови: три милиони и осумстотини илјади денари | | | | |

**ДЕЛ 2**

| 1<br>Опис | 2<br>Единица мерка | 3<br>Количина | 4<br>Единечна цена без ДДВ | 5<br>Вкупна цена без ДДВ (3*4) |
|---|---|---|---|---|
| Модуларен програмски пакет **Графички дизајн** | лице | 30 | 118.000,00 | 3.540.000,00 |
| Вкупна цена без ДДВ: 3.540.000,00<br>Со зборови: три милиони петстотини и четириесет илјади денари | | | | |

**ДЕЛ 3**

| 1<br>Опис | 2<br>Единица мерка | 3<br>Количина | 4<br>Единечна цена без ДДВ | 5<br>Вкупна цена без ДДВ (3*4) |
|---|---|---|---|---|
| Модуларен програмски пакет **Wordpress development** | лице | 30 | 120.000,00 | 3.600.000,00 |
| Вкупна цена без ДДВ: 3.600.000,00<br>Со зборови: три милиони и шестотини илјади денари | | | | |

Вкупната цена на услугите од член 1 на овој Договор,вклучувајќи ги сите трошоци и попусти,изнесува **10.940.000,00 МКД** (десет милиони деветстотини и четириесет илјади денари).

Услугите предмет на набавка на овој договор не подлежат на плаќање ДДВ (Данокот на додадена вредност изнесува 0.00денари).

## V. РАЗЛИКИ ВО ЦЕНА

Член 4

Цената искажана во понудата на Носителот на набавката е фиксна и не е предмет на било какви прилагодувања за време на извршувањето на Договорот.

## VI. НАЧИН НА ПЛАЌАЊЕ

Член 5

Плаќањето на услугите кои се предмет на набавка ќе се изврши во соодност од 49% од Буџетот на Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија од потсметката за активни програми и мерки за вработување (согласно Оперативниот План за активни програми и мерки за вработување и услуги на пазарот на трудот за 2021 година) и 51% од спроведувачот на обуки.

Плаќањето ќе се врши во рок од најмногу 30 дена од денот на приемот на фактурата во архивата на Договорниот орган на ул. "Васил Ѓоргов" бр.43-Скопје, на банкарска сметка посочена од страна на Носителот на набавката.

По спроведувањето на тестирање на знаењето на кандидатите и по направената селекција, спроведувачот треба да достави до Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија фактура на износ од 49% од вкупните трошоци на чинење на обуката, како и приложена листа со учесниците во мерката со кои е потпишан Договор за учество во обуките.

## VII. ВРЕМЕТРАЊЕ И НАЧИН НА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ДОГОВОРОТ

Член 6

Овој Договор стапува во сила на денот на потпишување на Договорот од двете договорни страни и важи за период од 12 месеци.

Член 7

Агенцијата доставува листа на кандидати кои аплицирале, до спроведувачот на обуката за нивно тестирање и предселекција.
Обучувачот има обврска да спроведе претходна проверка на нивото на знаење на кандидатот, со цел вклучување во соодветниот програмски пакет на обука
Обуките од еден модуларен програмски пакет треба да се реализираат на македонски јазик во период од 4 (четири) месеци од денот на формирање на конечните ранг листи, врз основа на понудениот план за реализација на активности од страна на Спроведувачот, а полагањето на завршниот/те испит/и за добивање диплома за успешно положен испит ќе се реализира во рок од три месеци од завршување на обуките, по кој рок, кандидатот има право во дополнителен рок од три месеци, повторно да го полага завршниот/те испит/и на свој трошок.

Член 8

По завршување на обуката Спроведувачот на лицата треба да им овозможи полагање на испит за добивање на диплома и тоа во рок од 3 (три) месеци од завршување на обуката.

Во случај лицата вклучени во обуката да не го положат испитот за добивање на диплома за успешно положен испит од областа, во редовниот термин, истите имаат право на повторен испит, кој спроведувачот е должен да им го овозможи во дополнителен рок од 3 месеци, на трошок на слушателот.

Член 9

На лицата кои редовно посетувале обука, односно присуствувале на најмалку 70% од часовите, по завршување на истата спроведувачот ќе им издаде уверение за редовно посетувана обука, а на лицата кои успешно ќе го положат испитот ќе им издаде диплома за успешно положен испит .

Член 10

Спроведувачот има обрска да подготви финален извештај по група за посетување на обуките во определен програмски пакет кој ќе вклучи основни информации за содржината на обуките, динамика по која се следеле обуките, листа на слушатели и извештај за редовно посетување на обуките, како и податоци за издадени уверенија за редовно посетувана обука и список на лица кои го положиле испитот и се стекнале со дипломи за успешно положен испит за соодветната обука.

Член 11

За минимум 50% од слушателите кои успешно ќе ја завршат обуката, спроведувачот на обука има обврска да обезбеди вработување кај други работодавачи најдоцна 12 (дванаесет) месеци по завршувањето на обуката, во спротивно е должен, за делот од неисполнетата обврска, да ги врати доделените средства и тоа:
- Доколку од задолжителните 50 вработувања, што е еквивалент на обврската за вработување 50% од слушателите кои успешно ќе ја завршат обуката , спроведувачот на обука вработи од 1 до 30 лица, истиот ќе има обврска да врати 40% од вкупниот износ на средствата исплатени од страна АВРСМ, за останатите лица за кои било потребно да се обезбеди вработување.(за секое поединечно лице за кое не е обезбедено вработување).
-Доколку од задолжителните 50 вработувања, што е еквивалент на 50%, спроведувачот на обука вработи од 31 до 40 лица, истиот ќе има обврска да врати 30% од средствата исплатени од страна на АВРСМ, за останатите лица за кои било потребно да се обезбеди вработување .(за секое поединечно лице за кое не е обезбедено вработување).
-Доколку од задолжителните 50 вработувања, што е еквивалент на 50%, спроведувачот на обука вработи од 41 до 49 лица, истиот ќе има обврска да врати 20% од средствата исплатени од страна на АВРСМ, за останатите лица за кои било потребно да се обезбеди вработување .(за секое поединечно лице за кое не е обезбедено вработување).
-Доколку од задолжителните 50 вработувања, што е еквивалент на 50%, спроведувачот на обука не вработи ниту едно лице, истиот ќе има обврска да го врати вкупниот износ на средствата исплатени до страна на АВРСМ, за лицата за кои било потребно да се обезбеди вработување.

## VIII. ОБВРСКИ НА НОСИТЕЛОТ НА НАБАВКАТА

Член 12

Носителот на набавката е должен за потребите на Договорниот орган да ги испорача услугите од чл.1 на овој Договор во целост според условите од тендерската документација по Оглас бр 03/2021, како и важечките прописи, правила и стандарди за овој вид на услуги, на начин и во број на часови што се определени со модуларните програмски пакети на обука.

Член 13

Носителот на набавката се обврзува на:

- Да направи претходна проверка на нивото на знаење на кандидатите со цел вклучување во обуката;
- Да организира и спроведува тестирање за избор и селекција на корисници на обуки за модуларни програмски пакети наведени во член 1 на овој Договор;
- Да спроведе обуки во Скопскиот и во другите плански региони на Република Северна Македонија во период од максимум 4 (четири) месеци од денот на формирање на конечните ранг листи, во групи од минимум 10 пријавени кандидати кои успешно го поминале процесот на предселекција,
- На кандидатите да им обезбеди официјална литература, материјали и соодветни услови потребни за посетување и реализација на обуката и полагање на испитот/испитите;
- Да ги подготови кандидатите за полагање
- На кандидатите кои присуствувале на најмалку 70% од часовите, по завршување на обуката да им издаде уверение за редовно посетувана обука, а на лицата кои успешно ќе го положат испитот/испитите да им издаде диплома за успешно положен испит;
- Да подготви и достави месечни извештаи за редовноста на кандидатите како и финален извештај по група за посетување на обуките;
- Да организира и спроведе полагање испити и подготовка на извештај за успешност на кандидатите од полагањето на истите и
- Да овозможи непречен увид на Агенцијата во комплетниот тек на обуката;
- Да обезбеди вработување за 50% од лицата кои успешно ќе ја завршат обуката;
- Да учествува со кофинанрсирање на 51% од вкупниот износ на чинење на обуките.

## Х.ОБВРСКИ НА ДОГОВОРНИОТ ОРГАН

Член 14

Договорниот орган е должен да ги изврши сите потребни дејствија за непречено извршување на услугата од страна на Носителот на набавката.

Член 15

Договорниот орган се обврзува на:

- Да достави листа на пријавени кандидати- потенцијални корисници на обуките;
- Да ги дефинира регионите на одржување на обуките по завршена прелиминарна селекција во соработка со Спроведувачот и
- Да учествува со кофинансирање на 49% од вкупниот износ на чинење на обуките.

## XI. ПРИМЕНЛИВ ЗАКОН

Член 16

Врз сите евентуални спорови кои би произлегле од овој Договор, ќе се применуваат важечките прописи на Република Северна Македонија.

**XII. ВИША СИЛА**

Член 17

Ниту една од договорните страни нема да биде одговорна за неисполнување на овој Договор до кое би дошло заради Виша сила. Ако една од договорните страни е спречена заради Виша сила должна е во рок од 24 часа писмено да ја извести другата страна, со наведување на причините за Вишата сила и по можност обезбедување на соодветен доказ.
По отстранување на Вишата сила Договорот може да се реализира по потреба со заеднички прифатено дополнување или да се раскине договорно.

**XIII. ЗАЕДНИЧКИ ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ**

Член 18

Договорните страни може да ги изменат и\или дополнат одредните од овој Договор само спогодбено со склучување на Анекс на Договорот доколку се исполнети условите согласно член 119 од Законот за јавните набавки.
Договорната страна која бара измени и\или дополнување е должна своето барање до другата страна да го достави во писмена форма.
Измените и дополнувања на овој Договор се важечки ако се направени во писмена форма и ако се потпишани од двете договорни страни.

Член 19

Сите евентуални спорови кои би произлегле од овој Договор, а кои договорните страни не би можеле да ги решат спогодбено, ќе ги решава Основен Граѓански Суд Скопје.

Член 20

За следење на реализацијата на овој договор, Договорниот орган го определува лицето Кристина Ѓорѓиевска, вработена кај Договорниот орган, кој има задача по целосна реализација на договорот, да достави известување за реализиран договор до Одделението за јавни набавки.

Член 21

Овој Договор е составен во 5 (пет) еднакви примероци, од кои 3 (три) за Договорниот орган и 2 (два) за Носителот на набавката.

Договорен орган
**АГЕНЦИЈА ЗА ВРАБОТУВАЊЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

Директор
Abdush Demiri

Носител на набавката
**Друштво за производство, трговија и услуги НЕТИНГ ДООЕЛ увоз -извоз Тетово**

Управител
Таџедин Селими